# избор МАЛИ ЖИТИЈА
## за времето од од Соборот на Светите апостоли до Петковден (стар стил)

**8 јули**
**Светиот великомаченик Прокопиј**




Роден е во Ерусалим, од татко христијанин и незнабожна мајка. Името најпрво му беше Неаниј. По смртта на таткото мајка му го воспита во духот на римското идолопоклонство. Кога Неаниј порасна, го виде еднаш царот Диоклецијан и толку го засака, што го зеде кај себе во дворецот на војничка служба. А кога овој злочестив цар почна да ги гони христијаните, го одреди Неаниј да оди со еден одред војска во Александрија за таму да ги сотре. По патот на Неаниј му се случи нешто слично како на Савле. Во третиот час од ноќта настана голем земјотрес, при што му се јави Господ и се слушна глас: „Неаниј, каде одиш и на кого стануваш?“ Во голем страв Неаниј запраша: „Кој си ти, Господи? Не можам да те познаам.“ Во тој миг во воздухот се јави пресветол крст, како од кристал, и од крстот дојде глас: „Јас Сум Исус, распнатиот Син Божји“. И уште Господ му рече: „Со знакот што го виде победувај ги непријателите свои и мирот Мој ќе биде со тебе.“ Тој настан наполно го смени и го преврте животот на војводата Неаниј. Даде да му се направи онаков крст и наместо да појде против христијаните тргна на Агарјаните коишто тогаш удираа на Ерусалим. Како победник влезе во Ерусалим и ѝ објави на мајка си дека е христијанин. Изведен пред судијата ги симна и ги фрли од себе појасот и мечот војводски за да покаже дека е војник само на Царот Христос. После големи мачења беше фрлен во затвор, каде што повторно му се јави Христос, го крсти и му го даде името Прокопиј. Еден ден му дојдоа на затворскиот прозорец дванаесет жени и му рекоа: „И ние сме слугинки Христови.“ Обвинети за ова, беа фрлени во истиот затвор, па Свети Прокопиј ги поучуваше во верата Христова, а особено да го примат венецот на маченииштвото. Затоа во чинот на брачното венчање, покрај боговенчаниот цар Константин и царицата Елена, се спомнува и Свети Прокопиј. Оние дванаесет жени потоа беа подложени на страшни маки. Гледајќи ја нивната храброст и маките што ги трпат, мајката на Свети Прокопиј и самата поверува во Христа, па сите тринаесет беа погубени заедно. Кога беше изведен на губилиштето, светителот ги подигна рацете кон исток и Му се помоли на Бога за сите бедни и неволни, сиромашни и вдовици, а особено за Светата Црква, да порасне и да се спростре насекаде, а Православието да свети до кончанието на светот. Од небото му беше јавено дека молитвата му е услишена. Потоа радосно ја положи главата под мечот и појде кај својот Господ. Свети Прокопиј пострада чесно во Кесарија Палестинска на 8 јули 303 година.



## 15 Јули
## Светите маченици Кирик и Јулита



Светителката беше од благороден род. Рано остана вдовица со новороденото дете Кирик. Живееше во Ликаонскиот град Иконија и наполно беше предадена на живот во Христа. Својот син Кирик го крсти веднаш по раѓањето, а кога имаше три години, го научи на верата и на молитва онолку колку што може да прими дете на таа возраст. Кога Диоклецијан нареди да се гонат христијаните, многу невина крв беше пролеана во градот Иконија. Јулита го зеде својот син и се засолни од гневот на незнабожците во градот Селевкија. Но ни таму не беше подобро. Ја фатија како христијанка и ја изведоа на суд. Откако ја изјави храбро својата вера во Господ Исус, судијата, за да ја нажали и поколеба, го зеде детето на своите раце и почна да го милува. Но Кирик викаше на сиот глас: „Пушти ме кај мајка ми, јас сум христијанин!“ И почна да го гребе судијата со рачињата, одвраќајќи го своето лице од него. Судијата се разжести, го тресна детето од земја, го турна со ногата, а тоа се стркала по камените скали и Му ја предаде својата света душа на Господ. Кога виде како Кирик пострада пред неа, Света Јулита радосно Му заблагодари на Бога Којшто и синот ѝ го удостои со маченички венец. По многу маки беше убиена со меч, во 304 година. Моштите на Светите Кирик и Јулита до денешен ден се чудотворни. Дел од нив се наоѓа во Охрид, во црквата на Пресвета Богородица Болничка.

## 31 Јули
## Свети Евдоким



Роден во Кападокија од благочестиви родители, Василиј и Евдокија. Во времето на царот Теофил (829 г. - 842 г.) Евдоким беше млад офицер во војската. Но и како војник вложуваше секаков напор за да живее според евангелските заповеди. Непорочно ја чуваше својата чистота и одбегнуваше да зборува со која и да е жена освен со мајка му; беше милосрден кон бедните, грижлив во читањето свештени книги и уште погрижлив во молитвите кон Бога. Одбегнуваше суетни забави и празнословие. „Сред метежот и суетата на светот, како крин меѓу трње и како злато насред оган.“ Заради неговите необични добродетели царот го постави за војвода кападокиски. На таа висока положба Евдоким се грижеше да биде праведен пред Бога и кон луѓето. Но по Божја Промисла се упокои рано, во својата триесет и трета година. Неговите мошти се пројавија како целебни. Еден полуден човек се допре до неговиот гроб и оздраве, а и едно фатено дете се крена и стана здраво. По осумнаесет месеци неговата мајка го отвори ковчегот и го најде неговото тело како живо, без каков било знак на распаѓање. А од телото на светителот излегуваше прекрасен мирис. Подоцна моштите му ги пренесоа во Цариград и ги погребаа во новата црква на Пресвета Богородица, усторена од благочестивите родителите на овој праведен Евдоким.

избор МАЛИ ЖИТИЈА

за времето од од Соборот на Светите апостоли до Петковден (стар стил)

**14 Август**
**Светиот пророк**
**Михеј II**



Од племето Јудино, а од селото Мориси, заради што го нарекуваа Морисиќанец. Современик на Пророците Исаија, Амос и Осија и на јудејските цареви Јоатам, Ахаз и Езекија. Ги изобличуваше пороците на својот народ и лажните пророци коишто пророкуваа „за вино и за жесток пијалок“. Ја претскажа пропаста на Самарија. Ја претскажа и пропаста на Ерусалим, којашто ќе дојде зашто поглаварите негови ќе земаат мито, свештениците ќе учат за плата, а неговите пророци ќе гатаат за пари. „Затоа, заради вас, Сион ќе се преора како нива и Ерусалим ќе стане како купиште.“ Но од сите негови пророштва најважно е пророштвото за Месијата, особено за местото на Неговото раѓање. Тој го именуваше Витлеем како место на раѓање на Оној, Чиј исход е од почетокот, од вечните времиња. Не се знае точно дали и овој Пророк беше убиен од Евреите или умре со мирна смрт (Еремија 26, 18 - 19). Но се знае дека беше погребан во неговото родно село и дека моштите му ги пронајдоа заедно со моштите на Пророкот Авакум, во времето на царот Теодосиј Велики, според некое таинствено откровение што го имал Елевтерополскиот епископ Зевин.

**27 Август**
**Преподобен**
**Пимен Велики**



Родум Мисирец. Голем подвижник. Како момче ги посетуваше прочуените отци подвижници и собираше од нивниот опит знаење како трудољубива пчела. Еднаш измоли од Старецот Павел да го однесе кај Свети Паисиј. Кога го виде, Паисиј му рече на Павле: „Ова дете ќе пасе многумина, со него е раката Божја.“ Со време се замонаши и кон монаштвото привлече уште двајца од своите браќа. Еднаш дојде мајка му да си ги види синовите, но Пимен не ја пушти внатре, а ја праша: „Сакаш повеќе да нè видиш овде или во вечноста?“ Мајка му се оддалечи со радост, говорејќи: „Штом сигурно ќе ве видам таму, тогаш не сакам да ве видам овде.“

Во манастирот на овие тројца браќа, со којшто управуваше најстариот брат, Анувиј, типикот беше ваков: ноќе четири часа минуваа во ракоделие, а четири во псалмопеење. Од утрото до пладнето времето го минуваа наизменично во работа и во молитва; од пладнето до Вечерната читаа, а после Вечерната си подготвуваа вечера: тоа им беше единствениот оброк во целото денонокје, и тоа обично од некакво зелје. За нивниот живот самиот авва Пимен кажа: „Јадевме тоа што ни се предлагаше, никој никогаш не рече: ‘дај ми нешто друго’ или ‘јас тоа не го сакам’. На тој начин го поминавме сиот живот во тихување и во мир.“ Авва Пимен се подвизуваше во 5 век и мирно се упокои во длабока старост.

**6 Септември**
**Спомен на чудата на Св. Архангел Михаил**



Во Фригија имаше едно место наречено Хони (*нурнување*) недалеку од Ерапол; и на тоа место извор со чудотворна вода. Кога Светиот апостол Јован Богослов со апостолот Филип го проповедаше Евангелието во Ерапол, погледна на она место и прорече дека таму ќе се отвори извор на чудотворна вода од која многумина ќе добијат исцеление и дека тоа место ќе го посети великиот Божји архистратиг Михаил. Наскоро потоа ова пророштво се исполни, се отвори извор којшто заради својата чудесна сила се прочу на сите страни. Еден незнабожец во Лаодикија имаше нема ќерка и заради ова беше во голема тага. Но во сон му се јави Архангелот Михаил и го упати да ја одведе својата нема ќерка на изворот, каде што ќе оздрави. Таткото веднаш послуша, ја одведе ќерката и кај водата затекна многуброен народ, којшто на изворот си бараше спасение од разни маки. Тие сите беа христијани. Тогаш човекот ги праша како треба да бара исцеление, а христијаните му рекоа: „Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух треба да го молиш Светиот архангел Михаил.“ Оној човек така се помоли и ја напои ќерка си од водата, а потоа девојката почна да зборува. Тогаш се крсти заедно со сиот свој дом, а крај изворот му изгради црква на Светиот архангел Михаил. На тоа место подоцна се насели едно момченце по име Архип и таму се подвизуваше со тврд подвиг на пост и молитва. Незнабожците многу му пакостеа, зашто не им беше по волја што од христијанската светост исходи толкава сила и привлекува толку многуброен народ. Па во својата злоба ја навртеа блиската река за да ги потопи црквата и изворот. Но откако Архип му се помоли, повторно се јави Светиот Архангел и во карпата покрај црквата отвори расцеп којшто ја прими сета навртена река. Оттогаш она место се спаси и се нарече Хони (нурнување) зашто реката се нурна во отворената бездна. Свети Архип се подвизуваше тука седумдесет години и се упокои мирно во Господа.





страдањето на Св. Андреј Првоповикан

избор МАЛИ ЖИТИЈА

за времето од од Соборот на Светите апостоли до Петковден (стар стил)

**18 Септември**
**Свети Евмениј, епископ Гортински на Крит**




Од младоста сесрдно одеше по Христа, кога се ослободи од две големи бремиња: од бремето на богатството и од бремето на телото. Од првото бреме се ослободи со тоа што го раздаде сиот свој имот на ништите и на сиромасите, а од другото со голем пост. И така се исцели прво себеси, па потоа почна и на другите да им дава исцеление. Бестрастен и исполнет со благодат на Светиот Дух, Евмениј заблесна со светлина којашто не може да се скрие. Па како што е напишано дека *не може да се сокрие град на врв планина* (Мат. 5, 14) така не можеше и Свети Евмениј да се скрие од светот. Како епископ тој управуваше со стадото Христово како добар пастир. Им беше татко на сираците, богатство на ништите, утеха на нажалените, исцелител на болните и прекрасен чудотворец. Со молитвата вршеше бројни чуда: умртви една опасна змија, изгонуваше демони, исцелуваше болни, и тоа не само во своето место туку и во Рим и во Тиваида. Во Тиваида со молитва испроси дожд од Бога во време на суша; и најпосле таму го заврши својот земен живот и се пресели во вечните живеалишта на својот Господ. Живееше во 7 век.

**25 Септември**
**Преподобна Ефросинија**




Ќерка на Пафнутиј, богат и угледен човек од Александрија. Родителите долго ѝ беа бездетни и со молитва ја испросија од Бога. Како благочестиви луѓе ја воспитаа во верата Христова. Не сакајќи да стапи во брак младата Ефросинија, за да се скрие од татко ѝ, се преоблече во машка облека и се пријави пред игуменот на еден машки манастир како евнух на царот Теодосиј, под името Измарагд. Игуменот го прими и му го предаде под раководство на духовникот Агипит. Со својот подвиг на пост и молитва Измарагд брзо ги надмина сите монаси во тој манастир. Кога наврши триесет и осум години во тврд подвиг, тој манастир го посети Пафнутиј и игуменот го упати кај Измарагд заради молитва и утеха. Измарагд го препозна Пафнутиј, но Пафнутиј не го позна Измарагд. Кога таткото ја исповеда својата тага по изгубената ќерка, Измарагд му рече да не губи надеж, бидејќи уште во овој живот ќе ја види неговата ќерка, а го замоли повторно да дојде кај него по три дена. Кога Пафнутиј дојде повторно, Измарагд лежеше на смртна постела. Тогаш му кажа на Пафнутиј: „Јас сум Ефросинија, твојата ќерка, ти си ми татко!“ Таткото долго не можеше да си дојде на себе од страшното изненадување. Тогаш издивна блажената Ефросинија и татко ѝ ја оплакуваше над одарот. Откако ја погреба и самиот стапи во оној манастир и се всели во келијата на својата упокоена и света ќерка. По десет години подвиг, се упокои во Господ и Свети Пафнутиј.

избор МАЛИ ЖИТИЈА
за времето од од Соборот на Светите апостоли до Петковден (стар стил)

**26 Септември**
**Свети Јован Богослов, апостол и евангелист**



Син на рибарот Заведеј и на Саломија, ќерка на праведниот Јосиф. Повикан од Господ Исус, Јован веднаш го остави татка си и мрежите рибарски и заедно со својот брат Јаков тргна по Христа. И оттогаш повеќе не се одвојуваше од својот Господ до самиот крај. Со Петар и Јаков присуствуваше при воскреснувањето на Јаировата ќерка и на Преображението на Христос на Тавор. На Тајната Вечера ја положи главата на градите Исусови. Кога сите други го оставија распнатиот Господ, Јован заедно со Богородица остана под Крстот. На заповед од Господ тој потоа ѝ беше како син на Пресветата Дева и грижливо ѝ служеше и Ја чуваше сѐ до Нејзиното успение. По успението на Пресвета Богородица Свети Јован заедно со својот ученик Прохор отиде да го проповеда Евангелието во Мала Азија. Најмногу се бавеше и дејствуваше во Ефес. Со својата вдахновена проповед и со своето чудотворство мнозина ги обрати во христијанството и од темел го расколеба незнабоштвото. Огорчени, незнабожците го врзаа и го пратија во Рим кај царот Дометијан. Пред царот беше мачен и биен, но бидејќи не му наштети ни најлутиот отров што му го дадоа да го испие, ни зовриеното масло во коешто го фрлија, царот се исплаши и сметајќи го за бесмртен го испрати на прогонство на островот Патмос. На тој остров Свети Јован мнозина ги обрати во христијанството со зборови и чуда и добро ја утврди Црквата Божја. Овде го напиша своето Евангелие и Откровението. Во времето на царот Нерва, којшто им даде слобода на сите заробени, Јован повторно појде во Ефес, каде што проживеа извесно време утврдувајќи го своето порано започнато дело. Имаше над сто години кога се престави кај Господ. Кога потоа учениците му го отворија гробот, не го најдоа неговото тело, но секоја година на 8 мај од неговиот гроб исходеше некој ситен прав, миризлив и лековит. По долгиот многутруден и многуплоден живот на земјата, овој возљубен ученик на Христос и столб на Црквата, се пресели во бесмртната и мирна радост на својот Господ.

**29 Септември**
**Преподобен Киријак Отшелник**



Роден е во Коринт Татко му беше презвитер, а месниот епископ Петар му беше роднина. Во раната младост епископот го постави за чтец на соборната црква. Читајќи го Светото Писмо младиот Киријак ѝ се восхитуваше на Божјата Промисла којашто ги прослави сите вистински слуги на Живиот Бог и го устрои спасението на човечкиот род.
Во неговата 18 година желбата за духовен живот го одведе во Ерусалим. Таму стапи во манастирот на некој Божји човек Евсторгиј, којшто му даде почетни упатства за монашки живот.

Потоа отиде кај Св. Ефтимиј, кој го прозре како иден духовен великан, го облече во схима и го прати на Јордан кај Св. Герасим, каде што помина 9 години. По смртта на Св. Герасим повторно се врати во манастирот на Св. Ефтимиј, во кој остана во безмолвие десет години. Потоа постојано го менуваше местото на подвигот, бегајќи од човечка слава. Се подвизуваше и во обителта на Св. Харитон, каде што најпосле и го заврши својот пат на земјата, а наполни 109 години.

Прославениот подвижник и чудотворец Св. Киријак беше крупен и силен во телото и таков остана до длабока старост и покрај тешкиот пост и бдеењето. Во пустината понекогаш со години се хранеше само со сурово зеље. Ревнуваше многу за православната вера изобличувајќи ги ересите, особено Оригеновата ерес. За себе зборуваше дека како монах сонцето никогаш не го видело да јаде ниту да се гневи на некого. Според уставот на Св. Киријак монасите јадеа само еднаш дневно, и тоа после залезот на сонцето. Беше големо светило, столб на Православието, гордост на монасите, моќен исцелител на болните и благ утешител на тажните. Во полза на мнозина поживеа долго и се пресели во вечната радост на својот Господ во 557 г.

**7 Октомври**
**Светите маченици Сергиј и Вакх**



Овие Свети маченици за верата Христова беа најпрво достоинственици на дворецот на царот Максимијан. И самиот цар многу ги уважуваше заради храброста, мудроста и верноста. Но кога слушна дека се христијани, ја измени својата љубов во гнев. И еднаш кога имаше големо жртвопринесување на идолите, царот ги повика Сергиј и Вакх заедно со него да им принесат жртви, а тие отворено му откажаа послушност во тоа. Надвор од себе од јарост, царот нареди и им ја соблекоа војничката облека, ги облекоа во женски фустани; им ставија и железни обрачи на вратот и така ги водеа по улиците на Рим за потсмев на сите. Потоа царот ги испрати во Азија, кај својот намесник Антиох, заради мачење. Овој Антиох се имаше издигнато на својата положба со помош на Сергиј и Вакх, кои во свое време го препорачаа кај царот. Но сега Антиох, откако одбија да се одречат од Христа, ги фрли во затвор и нареди првин да го мачат Вакх. Слугите се менуваа еден по друг тепајќи го сè додека не му го здробија телото. Од здробеното раскрвавено тело на Свети Вакх излезе неговата душа носена на рацете на ангелите пред Господа. Пострада во градот Варвалис. Потоа на Св. Сергиј, му обуја железни опинци со клинци и така го туркаа до градот Росаф во Сирија, каде што го убија со меч. Пострадаа околу 309 година.


на табличките
од вашите срца
кога меѓите ќе
ви паднат во најубавото
SKOVIN
2001
MAKEDONSKO
CRVENO
Македонско црвено
Македонско црвено
SKOVIN
црвено вино
квалитетно суво

# МАЛИ ИКОНИ

за времето од од Соборот на Светите апостоли до Петковден (стар стил)

7 јули



**Св. маченичка Недела**

19 јули



**Преподобна Макрина**

20 јули



**Св. Пророк Илија**

22 јули



**Св. мироносица Марија Магдалина**

24 јули



**Св. маченичка Христина**

27 јули



**Св. великомаченик Пантелејмон**

11 август



**Преподобен Нифонт Цариградски**

13 август



**Св. царица Ирина**

20 август



**Св. Пророк Самуил**

28 август



**Преподобен Мојсеј Мурин**

3 септември



**Св. свештеномаченик Антим**

5 септември



**Св. Пророк Захарија**

10 септември



**Св. маченички Минодора, Митродора и Нимфодора**

19 септември



**Св. маченици Доримедонт, Трофим и Саватиј**

3 октомври



**Св. свештено-маченик Дионисиј Ареопагит**

4 октомври



**Преподобен Јеротеј**